НВО ИНФОЦЕНТАР

Мониторинг на медиумите во Република Македонија
МЕДИУМСКО ОГЛЕДАЛО 2014

МЕДИУМСКО ОГЛЕДАЛО 2014

ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО МЕДИУМИТЕ

Скопје, ноември 2014

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Програмата „Медиумско огледало“ се реализира со финансиска поддршка од Фондацијата Отворено општество - Македонија

СОДРЖИНА

ВОВЕД И МЕТОДОЛОГИЈА **3**

КВАНТИТАТИВЕН ПРЕСЕК **4**

Графички приказ по медиум 4

Процентуална застапеност по медиум 5

Графички приказ по медиум - ФООМ 6

Процентуална застапеност по медиум - ФООМ 6

КВАЛИТАТИВНА АНАЛИЗА **7**

1. Клучни наоди 7

2. Најзастапени теми 9

2.1 Парламентарни и претседателски избори 9

2.2 Случајот Монструм 11

2.3 ФООМ, критички медиуми и граѓански организации 14

ВОВЕД И МЕТОДОЛОГИЈА

НВО Инфоцентарот, во рамките на својата програма за континуирано следење и анализирање на медиумите „Медиумско огледало“, во периодот од 1 јануари до 31 јули 2014 година, редовно го мониториираше медиумското покривање на активностите на граѓанскиот сектор во Македонија.

Овој мониторинг, во периодот јануари - јули, опфати вкупно седумнаесет медиуми: централните вести на телевизиите Телма, 24 Вести, МРТ1, Сител и Канал 5; дневните весници - Слободен печат, Утрински весник, Нова Македонија, Дневник, Вечер и Вест; неделникот Фокус, како и информативните портали - Плусинфо, А1он, Курир, Република, НоваТВ. Во периодот април - јули беа дополнително вклучени и шест медиуми на албански јазик: централните вести на МРТ2 и АлсатМ; порталите - Порталб и Алмакос, како и весниците - Коха и Лајм.

Целта на овој мониторинг беше да се следи присуството на граѓанските организации во медиумските содржини, како и да се анализира начинот на кој новинарите и медиумите ги третираат граѓанските организации, нивните претставници, нивните активности и секако, темите и проблемите што ги адресираат. Со други зборови, овој мониторинг се обидува да даде одговор на прашањето каков е имиџот на граѓанскиот сектор во државава креиран од страна на медиумите.

Медиумските содржини за граѓанскиот сектор беа анализирани преку методот на квалитативна содржинска анализа на новинарските текстови и прилози. Единствени квантитативни елементи во оваа анализа се бројот на анализирани прилози по медиум на македонски јазик, како и бројот на прилози во медиумите на македонски јазик во кои како субјект се јавува Фондацијата Отворено општество Македонија (ФООМ). Медиумите на албански јазик беа вклучени во последните четири месеци од мониторингот и нивните содржини беа анализирани исклучиво од квалитативен аспект.

Мониторингот го спроведе тимот на НВО Инфоцентарот, а финансиски е поддржан од Фондацијата Отворено општество Македонија (ФООМ).

КВАНТИТАТИВЕН ПРЕСЕК

Во периодот јануари - јули 2014, во мониторираните медиуми на македонски јазик беа објавени вкупно 1332 прилози или во просек, месечно беа објавувани околу 190 новинарски материјали посветени на граѓанските активности.

Најмногу прилози се регистрирани во печатените медиуми - 506, потоа на порталите - 457 и на телевизиите - 369 прилози.

Најголем број написи за граѓанскиот сектор објавија Слободен печат (228), Плусинфо (176) и Телма (156). Потоа следат 24 Вести со 139, А1он со 130, како и, НоваТВ и Утрински весник со по 90 објавени прилози. Дури осум медиуми објавија помалку од 50 прилози, а два медиума - Нова Македонија и Вечер се на границата од по 50 објавени прилози. МРТ1 објави само 25 прилози што покажува минимален или речи никаков интерес на јавниот радиодифузен сервис за граѓанското општество и неговите актери.

Според оваа квантитативна распределба повеќе од три четвртини од прилозите за граѓанскиот сектор се објавени во таканаречените критички медиуми додека остатокот се однесува на содржини објавени во провладините медиуми. Или со други зборови, квантитативниот пресек недвосмислено покажува дека провладините медиуми не се заинтересирани да објавуваат информации поврзани со граѓанските организации, за разлика од критичките медиуми кои имаат многу поголем и поконтинуиран интерес за темите, проблемите и активностите на граѓаните.

Графички приказ по медиум



Процентуална застапеност по медиум



Анализата, пак, на присуството на ФООМ во медиумите кое изнесува речиси 10 отсто, евидентира тенденција која воопшто не кореспондира со генералниот квантитативен пресек. Ако провладините медиуми не покажуваат голем интерес за граѓанскиот сектор во целина, тоа не е случај и со ФООМ. За оваа фондација провладините медиуми се исклучително заинтересирани и тие имаат значајно учество во вкупниот број објавени прилози односно речиси 45 отсто. На пример, веднаш по Слободен печат кој има најмногу текстови за ФООМ - 29, следат провладините Вечер со 19 и Курир со 17 (исто како и Плусинфо), а по А1он со 13, следи провладината Република со 12 написи.

Споредбата на вкупниот број објавени прилози за граѓанскиот сектор во секој од провладините медиуми, со вкупниот број објавени прилози за ФООМ по медиум, недвосмислено покажува дека некои провладини медиуми речиси половината од своите материјали ѝ ги посветиле на оваа фондација. Најилустративен пример е Република бидејќи дури 52 отсто од вкупниот број објавени текстови за граѓанскиот сектор на сајтот се однесуваат на ФООМ, како и Курир со 45 отсто, но и Вечер со високи 38 отсто.

Сепак, квалитативната анализа на објавените прилози за ФООМ[1] покажува дека големиот интерес на провладините медиуми, воопшто не е во насока на информирање за нејзината работа и активности, туку е дел од континуираната медиумска хајка против фондацијата и нејзината улога во македонското општество.

[1] Види: глава КВАЛИТАТИВНА АНАЛИЗА

Графички приказ по медиум - ФООМ



Процентуална застапеност по медиум - ФООМ



КВАЛИТАТИВНА АНАЛИЗА

1. Клучни наоди

Критичките медиуми (во прв ред, информативните портали) редовно и во континуитет објавуваат информации за активностите на граѓанските организации во државата. Информациите за граѓанските активности се однесуваат на различни теми и проблеми, и најчесто се објавуваат како вести, изјави, извештаи и интервјуа. Многу поретко се среќаваат аналитички содржини, а мал број од проблемите иницирани од граѓанските активисти стануваат теми за натамошна обработка и дополнително истражување на новинарите.

Во овој период на мониторинг поголемо внимание во критичките медиуми предизвикаа активностите и иницијативите на граѓанските организации за: изборите, случајот Монструм, стечајците и социјалните права на граѓаните, борбата против сиромаштијата, борбата против говорот на омраза, медиумските слободи и медиумските закони, кампањата за одржување попис, заштитата на националниот парк Маврово, заштитата на Водно, загадениот воздух во Скопје, водата во Гевгелија загадена со арсен, правата на ЛГБТ заедницата, состојбата со здравството, правата на животните, ограничувањето на правото на абортус и др.

Наспроти критичките медиуми, провладините медиуми главно ги игнорираат граѓанските активности, а кога информираат за нив, се поставуваат селективно кон фактите и неретко манипулираат со информациите во правец на заштита на политичките интереси на власта. Критичките медиуми, на пример, информираа за протестот на стечајците и маршот против сиромаштијата, кои беа поддржани од неколку граѓански организации и на кои полицијата употреби сила врз некои од демонстрантите. Провладините медиуми, пак, речиси комплетно ги запоставија овие настани, однесувањето на полицијата и секако, реакцијата на Хелсиншкиот комитет и другите организации.

Исто така, додека критичките медиуми редовно информираат за актуелните настани и процеси поврзани со медиумската сцена, со слободата на медиумите, со слободата на информирање и изразување, како и состојбата со говорот на омраза во јавната сфера, провладините медиуми не информираат за овие настани и процеси и се обидуваат да создадат слика дека во Македонија нема никакви нарушувања на слободата на медиумите и слободата на изразување.

Повеќето провладини медиуми ги игнорираат дури и проблемите со заштитата на природата и природните ресурси - национален парк Маврово, загаден воздух во Скопје, урбанизација на Водно, водата Арсена во Гевгелија.

И МРТ која има законска обврска во својата програма да ги опфати сите општествени групи, континуирано потфрла во својата улога на јавен информатор сервис и во централните вести речиси и не одвојува простор за граѓанските иницијативи.

Генерално оценето, квалитативната анализа покажа дека медиумите блиски до власта главно го игнорираат критичкиот граѓански сектор, а објавуваат информации за активности од важност за владејачката гарнитура, како и за хуманитарни инцијативи и културни настани. Провладините медиуми, на пример, редовно и ревносно информираа за активностите, соопштенијата и реакциите на граѓанската група

Македонски Манифест, која во овој период на мониторинг беше активна околу посетата на потпретседателот на грчката влада и министер за надворешни работи, Евенгелос Венизелос на Македонија. Македонски Манифест бараше „Венизелос да не биде пречекан на највисоко ниво, бидејќи според оваа организација, тој е најголем негатор на македонскиот идентитет“. Тие информираа и за протестот на Светскиот македонски конгрес и на Здружението на граѓани од егејскиот дел на Македонија - Македон, за време на посетата на Венизелос.

Треба да се напомне дека овие активности не беа игнорирани од поголемиот дел критички медиуми и за нив беа објавени повеќе написи и прилози.

Сепак, она што е највидливо од анализата на информирањето на провладините медиуми за граѓанскиот сектор е континуираната медиумска хајка против Фондацијата отворено општество Македонија, против критичките медиуми и новинари, и против граѓанските организации кои имаат критички однос кон политиките на власта. Тие се постојана мета на напади, јавни дисквалификации и етикетирање. Во прилозите и написите, синхронизирано и во континуитет се тврди дека средствата што граѓанските организации и критичките медиуми ги добиваат преку грантови и донации, главно од ФООМ, претставуваат „директно политичко опозициско дејствување, корумпирање на медиумите и убивање на новинарството“. Едновремено, овие медиуми, не само што ги ставаат под прашање веродостојноста и демократските капацитети на критичките медиуми и граѓанските организации, туку изнесуваат и обвинувања дека тие „работат на штета на државните интереси“.

Провладините медиуми всушност се однесуваат како гласноговорници и продолжена рака на власта и владејачките партии, кои не дозволуваат отворена граѓанска дебата и јавно актуализирање на проблематичните аспекти од работата на институциите и на власта.

Содржински и структурно, голем дел од прилозите во провладините медиуми адресирани до граѓанскиот сектор кој критички ги опсервира институциите и власта, очигледно се совпаѓаат или се инспирирани од соопштенијата на владејачката партија[2] и од изјавите на нејзините партиски и државни функционери. На овој начин, медиумските напади врз граѓанскиот сектор добиваат висок степен на поддршка од власта, предизвикуваат крајна поделеност и конфликтност во општеството, и со тоа длабински го изместуваат целиот процес, кој наместо да води кон отворен дијалог и дебата, се претвора во жестока политичка пресметка со неистомислениците на власта.

Оркестрираното партиско-владино-медиумско дисквалификување на граѓанските организации, меѓу другото, резултира и со целосен молк на институциите и комплетно игнорирање на забелешките, критиките и предлозите на граѓанските активисти за подобрување на состојбите во различни општествени области.

Анализата на објавените материјали во медиумите на албански јазик, пак, покажува дека политизирањето на активностите на граѓанскиот сектор е значително послабо отколку во медиумите на македонски јазик, но и дека интересот за неговите активности е помал и спорадичен.

[2] „*Организацијата Цивил е една од многуте организации финансирани од СОРОС*“, 09.04, 2014, достапно на http://vmro-dpmne.org.mk/?p=23200. „*ВМРО-ДПМНЕ:Ставовите на Инфо центарот и Одраз се монтирана драмолетка*“, Курир, 26.06.2014

Информативните портали и весниците, за разлика од телевизиите, обезбедија поголем медиумски простор за активностите на граѓанските организации, вклучувајќи вести, извештаи и мислења на граѓански активисти, експерти и аналитичари за теми кои директно ги засегаат граѓаните и нивните права. Генерално, поголемиот дел од мониторираните медиуми имаа слична динамика и зачестеност на информирање за граѓанскиот сектор, но се разликуваа во уредувачката распределба на вестите, односно во определувањето на важноста на информациите.

Јавниот сервис во вестите на албански јазик на МРТ2 недоволно одвојуваше простор за темите кои се поврзани со граѓанските иницијативи. Своја минутажа на јавниот сервис добија здружението на жени „Таа“ (Ajo), меѓународниот ден на децата, граѓанското движење „Разбуди се!“ (Zgjohu!) околу случајот Монструм, а имаше и отворена дебата на претставници од невладини организации за потребата од попис на населението.

Илустративно, во овој период на мониторинг, беше објавена и сторија за бројот на зависници во Тетово: „Наркоманите како печурки по дожд во Тетово“. Во написот беа искористени податоци и изјави од Центарот за развој и подобрување на јавниот живот во Тетово и од СВР Тетово, а беа спомнати и граѓанските организации и другите институционални центри кои се занимаваат со оваа проблематика. Контекстот на написот беше неутрален, меѓутоа насловот и делови од содржината беа во најмала рака некоректни, затоа што, употребата на етикети и негативно обоени термини, како на пример, наркоман - наркомани, доведува до последична стигматизација на оваа група луѓе и до зацврстување на определени негативни стереотипи во јавноста.

Понатаму, речиси сите мониторирани медиуми ја објавија анализата на НВО Инфоцентарот за користената реторика на Владата. Објавените информации имаа неутрален приод во пренесувањето на резултатите и заклучоците од анализата.

Дел од медиумите на албански јазик објавија и информации поврзани со корупцијата односно ги пренесоа резултатите од анализата на Транспарентност Македонија, во која се истакнува дека судството и полицијата предничат во коруптивните активности.

2. Најзастапени теми

2.1 Парламентарни и претседателски избори

Доминантна тема во овој период на мониторинг беа двојните избори, односно предвремените парламентарни избори и редовните избори за претседател на државата. Тие опфатија голем дел од регистрираните содржини, а најцитирани организации беа Цивил, Хелсиншкиот комитет на Македонија и Мост, кои имаа активна улога во надгледувањето на изборниот процес во текот на кампањата и на гласањето.

Компаративно, информациите и изјавите кои ги пласираа овие здруженија беа различно третирани во медиумите, и во зачестеност и во форма, и тоа зависно од уредувачката поставеност на медиумот во однос на работата на властите.

Медиумите со критичка уредувачка политика редовно информираа за наодите и забелешките на овие организации. Методиката на известување на критичките медиуми

беше претежно неутрална кон содржините и информациите пласирани од граѓанските здруженија, и во прилозите главно место имаа цитатите и акцентирањето на клучните пораки од нивните претставници. Изјавите и информациите најчесто беа директно објавувани без сопоставување од другата засегната страна, или пак, таквите информации беа објавувани подоцна во одделни написи. Некои медиуми поттикнати од забелешките на Цивил за проблемите со Избирачкиот список и со т.н. фантомски гласачи во Кисела Вода, излегоа на терен и направија сопствени новинарски стории.

> *„Екипата на телевизија Телма, вчера на терен го проследи истражувањето на Цивил и документираше како луѓето што живеат на посочените адреси во Кисела Вода немаат поим за наводните соседи што според Избирачкиот список живеат до нив. Зачудени, објаснуваа дека во влезот, седумнаесеттиот стан е последен и не им беше јасно како во станот број 22 може да живее некој кога тој стан не постои. За други станари од „конспирациската зграда", фиктивните станови не се новост...* (Телма, 09.04.2014)

> *„Плусинфо беше во зградата и ја проследи проверката што ја правеше Цивил. Сите станари на чија врата тропна Арбана Керими од организацијата, беа децидни дека во зградата има само три влеза, а не шест, како што според Цивил" пишува во Избирачкиот список.*" (Плусинфо, 10.04.2014)

Медиумите со провладина уредувачка политика, пак, информациите и обвинувањата на Цивил и на Хелсиншкиот комитет за кршењето на избирачкото право и другите воочени нерегуларности за време на кампањата и на денот на гласањето, или ги игнорираа или ги филтрираа, ги извртуваа, фрагментарно ги пласираа со коментари, а често беа објавувани и содржини со кои директно се оспоруваше легитимитетот и релевантноста на овие организации и нивните претставници.

Информациите на Цивил и на Хелсиншкиот комитет главно беа коментирани со оспорувачки и исмејувачки тон, а прилозите најчесто беа комбинирани со изјави на други лица кои изречените критики кон институциите и власта ги релативизираа и ги заменуваа со критики на сметка на опозициските партии. Во таа смисла, забелешките и информациите на Цивил често беа оспорувани преку методот на лични напади врз првиот човек на организацијата и преку директната замена на тези, односно префрлање на темата од релацијата граѓански сектор – институции, кон релацијата власт – опозициски партии. Притоа, во оркестрираните напади, изведувани преку цитирање на исти содржини во провладините медиуми, главно исполнети со дисквалификации, се нагласуваше дека Цивил е „марионета на ФООМ", која според провладините медиуми има за цел „да ја манипулира јавноста и да работи на остварување на целите на опозицијата".

> *„Заглавени луѓе во лифт во висококатници – тоа е причината поради која претседателскиот кандидат на ВМРО-ДПМНЕ доби преку 123.000 гласа повеќе од претседателскиот кандидат на СДСМ, Стево Пендаровски. Така барем вели откритието на претседателот на невладината организација „Цивил", Џабир Дерала.*
>
> *-Добивме поплаки и информации од граѓани и граѓанки кои живеат во пет висококатници во Кисела Вода и во Капиштец дека лифтовите им биле*

заглавени. Слично нешто се случи и на минатите локални избори во 2013 година, во висококатници во Капиштец кога од два лифтови во зградата, двата не работеа – рече тој.

Секој со свои пресметки, анализи и прогнози. Секој со свои убедувања. Некои реални, некои банални и смешни. Реалната слика ја кажа ДИК – 122.953 гласа предност за Иванов.“ (Република, 25.4.2014)

„*Организацијата „Цивил“ на Џабир Дерала е една од многуте организации финансирани од СОРОС кои имаат за цел да ја манипулираат јавноста и да работат на исполнување на агендата на опозицијата. Организацијата Цивил има тесна соработка со Соросовиот Институт Отворено општество, како и со фондацијата ќерка Метаморфозис, каде заедно се среќаваат како покровители на заеднички форуми на кои се говорело на теми кои се обработувани главно од најголемата опозициска партија, како што е слободата на медиумите, човековите прави и слично. Предводник на оваа организација е Дерала, кој од заштитник на граѓанските права до борец за правата на хомосексуалците, сега стана главна тупаница на опозицијата. Организацијата која според многу досегашни обвинувања од владејачката партија е финансирана со соросови пари, и која има задача преку различни извештаи да ја деградира државата, често излегува со тврдења кои не само што се далеку од вистината, туку предизвикуваат и потсмев кај пошироката јавност.*“(Курир, 08.07. 2014)

„*Слично како и во првиот круг од претседателските избори, главна цитирана вест на опозициските портали кои пишуваат за наводни нерегуларности во изборниот процес се заклучоци кои ги изнесува фондацијата Цивил на Џабир Дерала, кој е под контрола на СДСМ и марионета на најголемата опозициска партија, а финансирана со пари од СОРОС, но и од други организации.*“ (Курир, 27.04.2014)

Ваквото медиумско покривање се обидуваше, преку постојана репетиција и енергична пропаганда, да ги обесмисли активностите на граѓанските организации и да конструира медиумска слика за тоа дека проблемите на граѓаните не произлегуваат од власта, туку дека изворот на проблемите се опозицијата и граѓанските организации.

2.2 Случајот Монструм

Систематското контекстуализирање по потреба, префрлање од тема на тема односно дефокусирање на јавноста, како и директните напади, обвинувања и етикетирања кон граѓанските активисти и организации, беа главните карактеристики на информирањето на провладините медиуми, како за време на изборите, така и за судскиот случај Монструм.

Активностите и реакциите на неколку граѓански организации главно беа изведени преку осуда и критика на завршните зборови на обвинителката Гордана Гешковска:

„*Пораката е – Пукаме на Велики четврток за да ви биде крвав Велигден. За да ви ја уништиме верата. Пукаме во машки млади луѓе за да ви ја уништиме нацијата. Пукаме во иднината на државата*[3].“

[3] Повеќе медиуми, 08 јуни 2014.

Граѓанското здружение „Разбуди се“ побара санкционирање на обвинителката и изрази загриженост за начинот на кој завршува судскиот случај, додека Хелсиншкиот комитет сметаше дека завршните зборови на јавното обвинителство излегуваат од законската рамка за концептот на завршни зборови во кривичната постапка и дека можат да предизвикаат меѓуетнички тензии. Хелсиншкиот комитет, Цивил и други граѓански организации повикаа на смирување на страстите и воздржување од какво било насилство за време на протестите кои се случија како резултат на незадоволството од изречените пресуди.

Критиките насочени кон обвинителката Гешковска, за речиси сите провладини медиуми претставуваа „хистерична хајка на опозицијата против обвинителката“:

„Станува јасно дека во прашање е оркестриран напад врз обвинителката и дека всушност тие што реагираат имаат цел процесот да го претстават како некаков македонски, вмровски суд врз невините Албанци, во што недозволиво се впушти и Мемети (з.а. народен правобранител) и тоа е доволно да се преиспита колку тој стручно, непристрасно и совесно ја врши функцијата.“ (Дневник, 08.06, 2014)

На протестите против судските пресуди во овој случај, од страна на полицијата беше приведен новинар од редакцијата на весникот Лајм. Веста за приведувањето, како и бурните реакции против попречувањето на новинарите во вршењето на нивните професионални задачи од страна на полицијата и барањата за негово пуштање беа пренесени во сите критички медиуми:

„Весникот Лајм, поддржан од ЗНМ, реагира на приведувањето од страна на полицијата на младиот новинар практикант, Бесим Ибраими, кој бил испратен да ги следи протестите. Попладнево тој е ослободен, но му е задржан пасошот. Според полицијата нема разлика дали некој е новинар или не, доколку се утврди дека се однесувал насилно. Од друга страна, до сега нема реакција за физичкиот напад врз еден новинар, во петокот, од страна на еден насилен демонстрант.“ (Телма, 06.07.2014)

„Уредниците и новинарите на весникот „Лајм“ се револтирани што повеќе од 12 часа никој не им објаснува зошто новинарот кој по вчерашното известување од протестите во Чаир, како што нагласуваат, завршил во полициска станица.“ (Плусинфо, 06.07.2014)

Како одговор на загриженоста дека во Македонија се воспоставува крајно недемократска пракса, многу лесно да се приведуваат новинари без да се обезбедат цврсти докази, во провладините медиуми беа објавени низа синхронизирани текстови и прилози кои ги интерпретираа настаните како директна последица од начинот на информирање на порталите на албански јазик. Едновремено, некои од овие медиуми отидоа чекор натаму наметнувајќи го заклучокот дека зад случувањата на протестите за случајот Монструм стои „*соросовата фондација*“ како главен финансиер на порталите (Дневник, 08.07.2014,„*Уставот да не важи за Албанци, за СДСМ и за новинари*“).

„Шефот на фондацијата Сорос во Република Македонија, и поранешен член на раководните органи на СДСМ, Владимир Милчин, очигледно возбуден од информациите кои беа објавени во дел од медиумите, а во кои се говори дека

тој, Љубомир Фрчкоски, Ацо Кабранов и член на раководството на СДСМ договарале како да се искористи ситуацијата во земјата предизвикана од протестите на верските радикални елементи против судската пресуда во случајот „Монструм“ во кој беа свирепо ликвидирани 4 малолетни лица и еден повозрасен човек, покажува знаци на нервоза кои сигурно придонесоа во својата колумна објавена во медиумите кои ги финансира да признае, свесно или несвесно, дека преку финансирање контролира ни помалку ни повеќе туку 7 медиуми во Република Македонија....

...Го чекаме Владимир Милчин да ја признае контролата врз невладината ЦИВИЛ дека е директно финансиски поврзана со фондацијата СОРОС Македонија, финансирањето на весникот на албански Лајм и порталот Порталб, како и поддршката на интелектуалците Албанци кои се појавуваа интензивно на трибините на ГЕМ како Мерсел Биљали, Алберт Муслиу, Џабир Дерала и други...“ (Курир, Република, 07.07. 2014)

„Фондацијата Отворено општество- Македонија со години инвестира во мрежа на медиуми на албански јазик и има делумно влијание во публикувањето на вести и јавно мнение на албанската јавна сцена, што може да се забележи и по текот на финансиските средства. Откако се случија протестите по пресудата за петкратното убиство, најгласни во ширењето тензија беа албанските портали „Лајм“ и „Порталб“, финансирани од СОРОС на Владимир Милчин. Минатата 2013 година, „Порталб“ доби 40. 977 евра донација од СОРОС, а на страницата на Институтот Отворено општество во делот на партнери на организацијата е посочен токму овој портал, што укажува на тоа дека „Порталб“ е чедо на СОРОС.“ (Курир, 07.07.2014)

„Во голема мера полугата на Сорос (портали и интелектуалци кои се финансирани од нив) потпомага во ширењето тензија поврзано со протестите околу случајот „Монструм“. Сорос со години инвестира во мрежа на медиуми на албански јазик и има делумно влијание во публикувањето вести и јавно мислење на албанската јавна сцена. Тоа се гледа и по текот на парите. Откако се случија протестите, најгласни во ширењето параноја беа албанските „Лајм“ и „Порталб“, финансирани од „Сорос“ на Владимир Милчин.“ (Република, 07.07.2014)

„Порталот Курир денеска објави анализа за поврзаноста на одредени невладини организации и личности поврзани со демонстрациите во Скопје, како и за финансирањето на дел од порталите на албански јазик кои изминатите денови ја шириа тензијата.“ (Сител, 07.07.2014)

И во медиумите на албански јазик, една од најзастапените теми беше случајот Монструм и протестите во врска со овој судски процес. Медиумите во своите извештаи ги вклучија претставниците на меѓународната заедница, експертите од областа на правото и криминалистиката, политичките чинители во земјата и во регионот, а значајно место им беше отстапено и на граѓанските организации, меѓу кои најчесто присутни беа граѓанското движење Разбуди се и Хелсиншкиот комитет.

Порталот Алмакос, реакцијата на Хелсиншкиот комитет ја објави под насловот: „Хелсиншки комитет: Случајот Монструм, поттикнување на етнички тензии“. Содржината на веста не се совпаѓа со насловот бидејќи Хелсиншкиот комитет не

оцени дека самиот случај е поттикнување на етнички тензии, туку дека изјавата на правобранителката може да доведе до етнички тензии. Ваквиот наслов беше несоодветен и остави простор изјавата да се интерпретира надвор од вистинскиот контекст.

Тонот на известувањата за овој случај не се менуваше за време на целиот период на мониторинг. Реакциите на граѓанските здруженија главно беа претставени низ ракурсот на критики врз работата на институционалните претставници, а беа акцентирани барањата за нивно санкционирање.

2.3 ФООМ, критички медиуми и граѓански организации

Анализата на објавените содржини за граѓанскиот сектор покажува дека „најомилена“ тема за провладините медиуми е Фондацијата Отворено општество и нејзиниот извршен директор Владимир Милчин.

За време на целиот период на мониторинг, овие медиуми оркестрирано, синхронизирано и континуирано објавуваат написи во кои ФООМ и Милчин се обвинети дека организираат и поддржуваат „деструктивни активности против власта“ и државата, дека „работат на остварување на целите на СДСМ“, како и дека „корумпираат медиуми и новинари со тоа што финансиски ги поддржуваат“.

„И сега, Владе Милчин и Сашо Ордановски, сервисирани од Гордан Георгиев, си ја модерираат трибината за неколку клупски сладокусци што се во исто време корисници на средства на Сорос. Милчин најде најмал заеднички именител за дефинирање на македонската власт. Вели, било речиси неоспорно дека се работело за режим, ама оти во класифицирањето имало разнозвучие. За да го хармонизира, Милчин си измисли нов вид политичко уредување. Го нарече неслободна демократија. Ич не си тепајте глава за да најдете логика во ова. Ја немаше ни пред 14 години, кога истото друштвенце го испромовира...“ (Нова Македонија, 31.01.2014)

„Не сите ја имаат приликата да почнат портал со готови пари, освен ако не се приврзаник на политиките на Сорос. Порталите Либертас и Плус Инфо почнаа како проекти финансирани од соросовиот Институт отворено општество на Владимир Милчин. Иако, никогаш јавно не ги соопштија сумите кои се во игра, информациите се дека донациите тежат неколку десетици илјади евра, а единствено што се знае јавно е дека СОРОС Македонија има буџет од неверојатни 5 милиони евра ставени на располагање на опозицијата, пријавено во даночната пријава спрема УЈП за 2012 година..“ (Курир, 02.02.2014)

„Кавгите и обвинувањата меѓу новинарските послушници на СДСМ за тоа кој подобро одработува заинтересира на најголемата опозициска партија започнаа уште пред почетокот на кампањата. Еден од најекспонираните медиумски перјаници на СДСМ, ги прашува Героски и Милчин дали се свесни што зборуваат, бидејќи како што вели тој, тие биле “интергалактички копуци за политички маркетинг“. Ивановски додава за разлика од Плусинфо кој добил неверојатно 50.000 евра од Сорос, неговиот Мактел добил само 2.500 евра. Тој смета дека тие пари можат да бидат искористени поефикасно.“ (Курир, 07.03.2014)

„Според завршната сметка на УЈП, фондацијата на Сорос остварила приход од 5.200.000 евра. Во денарска противвредност, неверојатни 319.784.116 денари лани легнале на сметките на Владимир Милчин. Токму тој е потпишан и на завршната сметка. Според документацијата, од целата оваа сума, вкупни трошоци за донации има пријавено 2.245.173 евраили 138.078.157 денари. Јавноста одлично ја познава поврзаноста меѓу СДСМ и Сорос, па станува јасно дека овие пари се ставаат на располагање на опозицијата“ (Република, 27.06.2014)

Од напади, дискредитирање, дисквалификации и етикетирање не се поштедени ниту партнерите на ФООМ, ниту пак, организациите кои добиваат донаторска поддршка од оваа фондација. Активностите, извештаите или анализите на граѓанските организации и активисти се предмет на жесток напад и критика без аргументи, освен тоа дека се поддржани од ФООМ. Овие медиуми не се занимаваат со содржината на анализите и на активностите, туку се служат со најподатливата пропагандна техника, а тоа е делегитимирање на изворот на информација, анализа, критика.

„Во врска со некаквата наводна анализа на НВО Инфо центар која исто така е финансирана од Сорос во која се презентираат некакви наводни податоци за тоа колку пати Никола Груевски го споменувал СДСМ во своите говори, би сакале љубезно да им порачаме на режисерот Милчин, и неговите соработници Кабранов, Геровски, ГЕМ друштвото и останатите сателити на Сорос, наместо да се замараат со броење на зборови и текстови, да се заангажираат и да ја насочат својата енергија, и идеја, кон конечно правење на една вистинска политичка програма која ќе претставува конструктивна понуда на проекти и мерки кои се од интерес на народот. На тој начин ќе придонесат за политичка битка врз основа на програми и проекти а не врз основа на подметнувања, обвинувања, лажни изговори и алибија, измислени тези и катадневно кукање, како што тоа досега го прават.“ (Курир 26.06.2014)

„Интересно е што и меѓу официјалните партнери на СОРОС Македонија кој самата организација ги наведува е и невладината Инфо центар, таа истата која издаде небулозен извештај во која броеше за тоа колку пати бил спомнат СДСМ во говорите на премиерот.“ (Курир, 26.06.2014)

„Меѓу невладините организации кои се финансираат директно од Сорос се Центарот за развој на медиуми, ГЕМ, Плоштад Слобода, Центарот за европско образование, Младинскиот образовен форум и уште многу други. Сите во јавноста се познати по ставови кои директно ги напаѓаат владините проекти.“ (Република, 27.06.2014)

Во континуираната оркестрирана медиумска хајка против ФООМ, граѓанските организации и критичките медиуми, провладините новинари одат и чекор понатаму обвинувајќи ги фондацијата и нејзините соработници „за кодошење на државата во странство“, како и за влијание врз меѓународните извештаи за медиумските слободи подготвени од релевантни меѓународни организации.

„Јавна тајна е дека во пишувањето на повеќето извештаи на кои се рангира слободата, состојбата со медиумите се пишувани од Македонија токму од луѓе кои се платени од СОРОС.

Иако во голем дел од случаите, пишувачите на таквите извештаи се држат во тајност, очигледно со цел да не се сруши релевантноста на истите, но во медиумите се вртеа имињата на Борјан Јовановски, Ацо Кабранов, уредничката на Фокус, исто така, има и случаи каде се објавени јавно и поврзаноста е очигледна.

Последен пример беше со извештајот на Фридом Хаус, каде се испостави дека новинар од медиумите на СОРОС го пишува извештајот на Фридом хаус, а сопствените анализи ги поткрепува со извештаи на медиумите и невладините кои се повторно финансирани од СОРОС. Извештајот бележеше пад на индексот на слободата на медиумите и пораст на корупцијата.“ (Курир, 30.06.2014)